**20182203951**

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

По извршениот увид во текстот на Тарифникот за висината на надоместокот за запишување на недвижности кои останале со незапишани права и запишување на промени во катастарот на недвижности и катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.1/15, 4/15, 98/15 и 179/17), се утврди дека е направена грешка заради што Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, на седницата одржана на 22.11.2018 година, даде

## ИСПРАВКА НА ТАРИФНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА НЕДВИЖНОСТИ КОИ ОСТАНАЛЕ СО НЕЗАПИШАНИ ПРАВА И ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРОМЕНИ ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ И КАТАСТАРОТ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ КАКО ДЕЛ ОД КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ

Во Тарифникот за висината на надоместокот за запишување на недвижности кои останале со незапишани права и запишување на промени во катастарот на недвижности и катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. бр.1/15, 4/15, 98/15 и 179/17), во членот 3, во табелата, во редниот број 23, во колоната „Вид на запишување“ зборовите: „до 10 000 м2/м3“ се бришат.

Исправката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 0101-43704/1
26 ноември 2018 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
**Ирма Мандева,** с.р.